# Општина Ѓорче Петров

Врз Одлуката за утврдувањена потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на општина Ѓорче Петров, број 08-2326/3 од 30.12.2021 година(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петов број 18/21) , Годишната програма за јавни работи на територијата на општина Ѓорче Петров за 2022 година , број 08-2326/4 од 30.12.2021 година, објавена во (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/21) и Решение за формирање на Комисија број 09-139/1 од 24.01.2022 година, Општина Ѓорче Петров на ден 28.012022 година објавува:

## Ј А В Е Н О Г Л А С

## за ангажирање на работници за вршење јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2022 година

Општина Ѓорче Петров согласно Одлуката за утврдувањена потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на општина Ѓорче Петров, број 08-2326/3 од 30.12.2021 година и Решение за формирање на Комисија број 09-139/1 од 24.01.2022 година, има потреба од ангажирање на 100 работници за извршување на јавни работи на територијата на општината.

Се повикуваат сите евидентирани невработени и социјално загрозени лица од територијата на Општина Ѓорче Петров кои се заинтересирани да се вклучат во реализацијата на Годишната програмата за извршување на јавни работи на територија на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, да се пријават на огласот.

Раработното ангажирање е со полно работно време, односно 40 часа неделно.

Обврски на ангажираните работници се:

-одржување на чистотата на јавните површини (чистење смет, празнење на уличните корпи за отпадоци, чистење суви лисја, гранки и сл),

-одржувањето на зеленилото на јавните површини и парковите на територија на општината (косење трева, поткастрување гранки и сл.),

-одржување на локалните улици, патишта, јавни пешачки површини и тротоари во зимски услови на подрачјето на Општина Ѓорче Петров (чистење на пешачките премини, пешачките патеки, плочници и тротоари, целосно чистење на мостовите, чистење на снег од уличните клупи и корпи за отпадоци и сл.).

Висината на дневниот нето паричен надоместок во зависност од видот на работата која се извршува изнесува од 600,00 до 800,00 денари

Право на учество во реализацијата на Годишната програма за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, како и основни критериуми врз основа на кои ќе одлучува Комисијата се:

- Невработени лица од Општина Ѓорче Петров пријавени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;
- Социјално загрозени лица од Општина Ѓорче Петров;
- Да се работоспособни
- Претходно работно ангажирање за ваков вид на работа се смета за предност.

Заинтересираните кандидати е потребно да пополнат и поднесат до архивата на Општина Ѓорче Петров образец ПРИЈАВА за ангажирање на лица за вршење на јавни работи согласно јавниот оглас, кој може да се подигне од архивата на општината или пак да се преземе електронски од официјалната интернет страна

на општината www.opstinagpetrov.gov.mk и кон истата да се приложат бараните докази за исполнување на погоренаведените основни критериуми (потврда од Агенцијата за вработување, договор за претходно работно ангажирање за извршување на јавни работи и доказ за примање на социјална помош доколку има).

Јавниот оглас е отворен цела година и на него можат да се пријавуваат заинтересираните кандидати.

Комисијата ги разгледува доставените пријави и изготвува предлог листи на кандидати кои ги исполнуваат предвидените услови во јавниот оглас за вршење на јавни работи согласно Годишната програма за јавни работи на територија на Општина Ѓорче Петров и истите ги доставува до Градоначалникот и Одделението за управување со човечки ресурси.

Поконкретните услови, правата и обврските на кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени со јавниот оглас се уредуваат со договор склучен со општината.

По детални информации за Годишната програма за вршење на јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2022 година можат да се добијат во Општина Ѓорче Перов кај лицето Даниел Петковски на моб.тел. 078449278

**Комисија**
**Бошко Стојанов -претседател**
**Нина Кусакатски – зам.претседател**
**Сашо Јаневски - член**
**Звонко Атовски- член**
**Даниел Петковски-член**

**Број 09-139/3**
**од 27.01.2022 год.**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**П Р И Ј А В А**
**за Јавен оглас за ангажирање на работници за вршење на јавни работи во Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Општи информации за пријавата**

**1.**

1.1. ______________________________________________
*име, татково име и презиме*

*ЕНБГ* ________________________

*адреса на живеење*___________________________

1.2. Контакт телефон ___________ моб.____________________

1.3. Е-маил адреса ____________________________________

**2. Степен на образование**

| | |
|---|---|
| ☐ Нема образование | |
| ☐ Основно образование | |
| ☐ Средно образование | |
| ☐ Вишо образование | |
| ☐ Високо образование | + |

**3. Претходно работно искуство за вршење на јавниработи**______________________________________

**4. Квалификации**

☐ НЕКВАЛИФИКУВАН - НКВ

☐ ПОЛУКВАЛИФИКУВАН - ПКВ

☐ КВАЛИФИКУВАН - КВ

☐ ВИСОКОКВАЛИФИКУВАН -ВКВ

☐ НИЖО СТРУЧ.ОБРАЗОВ.- НСО

☐ СРЕДНО СТРУЧ. ОБРАЗОВ.- ССО

☐ ВИШО СТРУЧ. ОБРАЗОВ.- ВШО

☐ ВИСОКО СТРУЧ. ОБРАЗ.- ВСО

**5. Пол:** ☐ Машки ☐ Женски

**6. Работоспособен:** ☐ Да ☐ Не

**Изјавувам дека податоците содржани во Пријавата се точни и истите можат да се обработуваат од страна на Општина Ѓорче Петров, за намената за која се бараат согласно Законот за заштита на личните податоци.**

потпис

Датум: ___________2020 (на кандидатот)

_____________________

Во прилог на Барањето ја доставувам следнава документација:

1. Доказ за невработеност издаден од Агенција за вработување на Република Македонија
2. Доказ за примање на паричен надоместок(доколку е примател/не е задолжително)
3. Доказ за претходно работно ангажирање во областа доколку поседува(не е задолжително).

**Комисија**

**Бошко Стојанов -претседател**

**Нина Кусакатски – член**

**Сашо Јаневски - член**

**Звонко Атовски- член**

**Даниел Петковски-член**

**Број**

**од 2022 год.**

**Скопје**